РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 05-299/4
02.03.2020 год.
КОЧАНИ

# ДОГОВОР

Друштво за градежништво,производство,трговија и услуги
ЌАНУ-КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0307/03-20
02.03.2020 год.
СКОПЈЕ

**Склучен помеѓу:**

1. **Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул.“Раде Кратовче“ бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган ( во понатамошниот текст: **Договорен орган) и**

2. **Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ЌАНУ-КОМПАНИ ДООЕЛ увоз- извоз Скопје** со седиште на ул. "Христо Татарчев" бр.47 г/лок.8 Скопје, ДБ:4030006584870 /ЕМБС: 6087612, жиро с-ка бр.210060876120173 депонент НЛБ Банка АД Скопје застапувано од Управителот Ќамуран Фејзуловски (во натамошниот текст: **Носител на набавката).**

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавната набавка, со кој Носителот на набавката се обврзува да изведе определени работи во договорен рок, а Договорниот орган се обврзува да му исплати определена цена за тоа, е изведување на работи за:

**Изведба на светилки во детски игралишта**

Предметот на набавка од ст. 1 на овој член е детално опишан во Предмерот, составен дел на тендерската документација, изработена од Договорниот орган, а по Одлука за јавна набавка од 29.01.2020 год., за спроведување на Набавка од мала вредност, со објавување на Оглас бр.00912/2020 на ЕСЈН на 29.01.2020 год., постапка која се спроведува во електронска форма и завршува со е-Аукција на ЕСЈН, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.

**Член 2**

Работите од чл. 1 на овој Договор треба да се изведат според описите и количините од предмер пресметката, составен дел на овој Договор, согласно Програмата за уредување на градежно земјиште за 2020 година, донесена од Советот на општина Кочани и Предмер пресметката, како и важечките прописи, правила и стандарди за ваков вид на работа.

**Член 3**

Со овој Договор, Договорниот орган и Носителот на набавката ги регулираат своите права и обврски.

***Вредност на договорот***

**Член 4**

Носителот на набавката работите наведени во чл. 1 од овој Договор, ќе ги изведе за вкупна цена од **447.405,00 денари без пресметан данок на додадена вредност**.

**Данокот на додадена вредност** на износот од ст.1 на овој член изнесува **80.532,90** денари или

***- вкупната вредност на Договорот за јавната набавка со вклучен ДДВ од 18 % изнесува: 527.938,00 денари.***

Во согласност со Извештајот од е-аукција генериран на ЕСЈН единечните цени за изразување на пооделните фази и позиции /за секоја ставка посебно/ се намалени за 17,996% во однос првично понудената цена и истите се составен дел на овој Договор.

***Извор на средствата за реализација на договорот и начин на плаќање***

**Член 5**

Средствата за реализација на договорот за конкретната јавна набавка, согласно Одлуката за јавна набавка од 29.01.2020 год. се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2020 год., Програма ЈА, ставка 482.

**Член 6**

Плаќањето на работите кои се предмет на овој договор, ќе се врши по ситуации за извршени работи (времени и/или завршна ситуација), што ја доставува Носителот на набавката, со дефинирани и изведени позиции, одложено до 60 /шеесет/ дена, сметано од денот на приемот на истата во архивата на Договорниот орган.

Времената ситуација Носителот на набавката ја доставува до Договорниот орган во примерен рок по истекот на периодот за кој се однесува, потпишана и заверена од страна на овластен надзорен орган.

Завршната ситуација Носителот на набавката ја составува и поднесува на исплата до Договорниот орган, врз основа на стварно изведени завршни работи, потпишана и заверена од страна на овластен надзорен орган.

ДДВ при изготвувањето на фактурата ќе биде изразен посебно.

**Член 7**

Нарачувачот има право да задржи сразмерен дел од цената за отстранување на недостатоците утврдени при примопредавањето на работите.

**Член 8**

Задржаниот дел од цената Договорниот орган може да го употреби за остранување на недостатоците на изведените работи, ако Носителот на набавката по писмена покана не ги отстрани тие недостатоци во примерениот рок .

**Член 9**

Задржаниот износ, односно, неговиот непотрошен дел Договорниот орган му го исплатува на Носителот на набавката во рок од 8/осум/ дена од денот на примопредавањето на работите, односно, веднаш по отстранувањето на недостатоците утврдени при примопредавањето.

**Разлики во цена**

**Член 10**

Корекција на цените на предметот на договорот за јавна набавка, не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот.

**Динамика на вршење на работите**

**Член 11**

Носителот на набавката е должен работите од предметот на договорот за јавната набавка да ги изведе на следниов начин:

- по уредно доставено барање од Договорниот орган за воведување во работа, кое ќе ги содржи сите потребни податоци за несметано изведување на работата, согласно Предмер пресметката, а заради реализација на договорот.

Договорниот орган ќе го воведе Носителот на набавката во работа во рок од 3 дена дена по склучување на овој договор.

Ако Носителот на набавката не ги започне работите веднаш по воведувањето во работата, Договорниот орган ќе му остави дополнителен примерен рок од 3 /три/ дена за започнување на работите.

Ако Носителот на набавката ниту во рокот од ст. 3 на овој член, не започне со изведување на работите, Договорниот орган може да го раскине договорот и да бара од Изведувачот надомест на штетата.

**Член 12**

Ако постои оправдано сомневање дека работите ќе бидат извршени во договорениот рок, Договорниот орган има право да побара од Носителот на набавката да превземе потребни мерки со кои се обезбедува соодветно забрзување на работите и нивно усогласување со договорениот план за вршење на работите.

**Член 13**

Носителот на набавката има право да бара продолжување на рокот за извршување на работите во случај во кој поради променети околности или неисполнување на обврските од Договорниот орган бил спречен да ги извршува работите.
Продолжувањето на рокот се определува според траењето на пречката, со тоа што рокот се продолжува и за времето потребно за повторното започнување на работите и за евентуалното поместување на работите во понеповолно годишно време.
Како причини, поради кои, во смисла на ст. 1 од овој член, може да се бара продолжување на роковите, се сметаат особено:
1) природни настани (пожар, поплава, земјотрес, исклучително лошо време, невообичаено за годишното време и за местото на кое се изведуваат работите и сл.);
2) мерките предвидени со акти на надлежните органи;
3) задоцнување на воведувањето на Вршителот на работите во работата;
4) непредвидените работи за кои Вршителот на работите при склучување на договорот не знаел ниту можел да знае дека мораат да се извршат;

**Член 14**

Носителот на набавката е должен барањето за продолжување на рокот да го поднесе до Договорниот орган штом ќе дознае за причината поради која рокот може да се продолжи.

**Обврски на Носителот на набавката**

**Член 15**

Носителот на набавката е должен работите од чл. 1 на овој Договор да ги изведе на начин и во роковите што се определени со овој Договор, прописите и правилата на струката, а согласно Предмер-пресметката, составен дел на овој Договор.

**Член 16**

За вршење на работите, предмет на овој Договор, Носителот на набавката се обврзува да обезбеди стручни и квалификувани лица, согласно Законски и подзаконските прописи.

**Гарантен период на изведени работи**

**Член 17**

Во текот на изведување на работите, ќе се утврдува квалитетот и квантитетот на истите.

Носителот на набавката е должен при изведување на работите да вградува материјали и опрема што му одговараат на пропишаниот квалитет, согласно техничките прописи.

Носителот на набавката е должен во рок од **12 /дванаесет/ месеци**, од денот на примопредавањето на изведените работи или на дел од изведените работи, а ако користењето на изведените работи или на дел од истите започнало пред примопредавањето - од почетокот на користењето, без надоместок да ги отстранува сите недостатоци кои произлегуваат од нестручно и неквалитетно изведување на работите.

За квалитетот и гаранцијата на материјалите што се вградуваат, во поглед на содржината и рокот, важи гаранцијата од производителот, со тоа што Носителот на набавката е должен сета документација за квалитетот и гаранциите на производителот на материјалите, заедно со упатствата за употреба, да ги прибави и да му ги предаде на Договорниот орган.

**Гаранција за квалитетно извршување на Договорот**

**Член 18**

Согласно Известување од Договорниот орган бр.05-299/2 од 20.02.2020 год., Изведувачот во благовремен рок достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на Договорот ГЦ2020/332 во еден оригинален примерок издадена од НЛБ Банка АД Скопје, со важност од 28.02.2020 год. до 30.09.2020 год. на износ од 26.397,00 ден., со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изврши работите кои се предмет на овој договор.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката. За наплатата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот Носителот на набавката може да покрене спор пред надлежниот суд.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на Договорниот орган.

***Обврски на Договорниот орган***

**Член 19**

Договорниот орган е должен да ги отстрани сите постоечки проблеми во предвидениот рок со што би се овозможило несметано вршење на истите.

***Надзор над вршење на работите***

**Член 20**

Договорниот орган има право да врши надзор над извршените работи на Носителот на набавката заради проверување и обезбедување на нивно уредно завршување особено во поглед на видот, количеството и квалитетот на работите, на материјалите и начинот на работа и на предвидените рокови.

Надзорот над извршените работи, го врши надзорниот инжинер што ќе го определи Договорниот орган.

За надзорниот инжинер што е определен да врши надзор на извршените работи и за неговите овластувања Договорниот орган го известува Носителот на набавката.

Носителот на набавката е должен да му овозможи на Договорниот орган вршење на надзор на извршените работи.

**Член 21**

Забелешките во поглед на начинот или на текот на на вршење на работите или на употребениот материјал Договорниот орган е должен без одлагање да му ги соопшти на Носителот на набавката.

Сите забелешки и наоди од Договорниот орган се соопштуваат во писмена форма.

**Член 22**

Носителот на набавката е должен да постапи по сите основни барања од Договорниот орган поднесени во врска со вршењето на стручниот надзор.

**Член 23**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

***Времетраење на важност на договорот***

**Член 24**

Времетраењето на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, но не повеќе од 6 (шест) месеци, сметано од денот на воведувањето во работа од страна на Договорниот орган и констатирано на Записник за воведување во работа.

***Услови за прекинување или раскинување на договорот***

**Член 25**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Договорот не може да се раскине поради не исполнување на незначителен дел од обврската.

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

***Завршни одредби***

**Член 26**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на анекс на Договорот, ако се во согласност со тендерската документација, Законот за јавни набавки и важечките позитивни законски прописи во РСМ.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 27**

Договорните страни се согласни за се што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Северна Македонија, за вршење на ваков вид на работа.

**Член 28**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста на овој Договор,

**Член 29**

Евентуален спор по овој договор ќе решава стварно и месно надлежен суд .

**Член 30**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 2 (два) примерока за Носителот на набавката, а 4 (четири) примерока за Договорниот орган, а стапува на сила со денот на склучувањето.

| | |
|---|---|
| ***Носител на набавката,*** | ***Договорниот орган,*** |
| ***ЌАНУ-КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје*** | ***Општина Кочани*** |
| ***Управител,*** | ***Градоначалник,*** |
| ***( Ќамуран Фејзуловски )*** | ***( Николчо Илијев )*** |

Составен дел на овој Договор е :

- предмер-пресметка со намалени единечни цени согласно Извештај за текот на е-аукцијата

***Изработил:*** ***Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова***

***Контвролирал: Помошник раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште– Влатко Димитров***

**Предмер-пресметка**

**за**
**Изведба на светилки во детски игралишта**

## I. Предмер за осветлување - локација Драчевик

| Осветлување за локација Драчевик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Опис на работите** | **Ед. мера** | **Количина** | **Единечна цена без ддв** | **Вкупна цена без ддв** |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| 1 | **Столбови за парковско осветлување** Набавка и вградување на метални столбови на растојание од околу 10-15м за тротоарско-парковско осветлување, Столбот да биде вграден во бетонски темел со димензии 60/60/70 цм изработен со МБ 30 и соодветна потребна арматура, на кој ке се постави плотна за прицврстување – шрафење со нивелирање. Висината на столбот да биде 4,5м. Самиот столб да има контролна вратичка на соодвено место, комплет со потребен осигурувач. На столбот да биде вградено LED арматура од 30w. Во столбот да е вграден соодветен кабел за напојување со задолжително потребна изолација од напон. При поставување на предвидените столбови тие да бидат поврзани со прописно заземјување. Односно се комплет за пуштање во употреба. | пар. | 6 | 17.302,84 | 103.817,06 |
| 2 | Машински или рачен ископ на земја 3 кат. за ров со димензии 40/ 70 цм , како и стопи за столбови 70/70/70цм заедно со затрупување со потребно набивање | $m^3$ | 17 | 1.447,37 | 24.605,30 |
| 3 | Набавка и полагање на Fe Zn лента 25/4мм за заземјување со потребно спојување на секој столб и поврзување на најблискиот постоечки столб. | m | 60 | 155,81 | 9.348,46 |
| 4 | Набавка и вградување на кабел ППО0 4x16мм2 поврзан со сите парковски столбови и со најблискиот постоечки столб на уличното осветлување. | m | 60 | 205,01 | 12.300,60 |
| | | | | **ВКУПНО :** | 150.071,44 |

## II. Предмер за осветлување Локација с.Грдовци

| Осветлување за локација с.Грдовци | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Опис на работите** | **Ед. Мера** | **Количина** | **Единечна цена без ддв** | **Вкупна цена без ддв** |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| 1 | **Столбови за парковско осветлување** Набавка и вградување на метални столбови на растојание од околку 10-15м за тротоарско-парковско осветлување. Столбот да биде вграден во бетонски темел со димензии 60/60/70 цм изработен со МБ 30 и соодветна потребна арматура, на кој ке се постави плотна за прицврстување – шрафење со нивелирање. Висината на столбот да биде 4,5м. Самиот столб да има контролна вратичка на соодвено место, комплет со потребен осигурувач. На столбот да биде вградено LED арматура од 30w. Во столбот да е вграден соодветен кабел за напојување со задолжително потребна изолација од напон. При поставување на предвидените столбови тие да бидат поврзани со прописно заземјување. Односно се комплет за пуштање во употреба. | пар. | 2 | 17.302,70 | 34.605,40 |
| 2 | Машински или рачен ископ на земја 3 кат. за ров со димензии 40/ 70 цм, како и стопи за столбови 70/70/70цм заедно со затрупување со потребно набивање | $m^3$ | 12 | 1.447,00 | 17.364,00 |
| 3 | Набавка и полагање на Fe Zn лента 25/4мм за заземјување со потребно спојување на секој столб и поврзување на најблискиот постоечки столб | m | 40 | 155,81 | 6.232,30 |
| 4 | Набавка и вградување на кабел ППО0 4x16мм2 поврзан со сите парковски столбови и со најблискиот постоечки столб на уличното осветлување. | m | 40 | 205,01 | 8.200,40 |
| | | | | **ВКУПНО :** | 66.402,10 |

## III. Предмер за осветлување - локација 1-ви Мај

| Осветлување на 1ви Мај | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Опис на работите** | **Ед. Мера** | **Количина** | **Единечна цена без ддв** | **Вкупна цена без ддв** |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| 1 | **Столбови за парковско осветлување**<br>Набавка и вградување на метални столбови на растојание од околку 10-15м за тротоарско-парковско осветлување,<br>Столбот да биде вграден во бетонски темел со димензии 60/60/70 цм изработен со МБ 30 и соодветна потребна арматура, на кој ке се постави плотна за прицврстување - шрафење со нивелирање. Висината на столбот да биде 4,5м.<br>Самиот столб да има контролна вратичка на соодвено место, комплет со потребен осигурувач. На столбот да биде вградено LED арматура од 30W.<br>Во столбот да е вграден соодветен кабел за напојување со задолжително потребна изолација од напон. При поставување на предвидените столбови тие да бидат поврзани со прописно заземјување. Односно се комплет за пуштање во употреба. | пар. | 8 | 17.302,84 | 138.422,75 |
| 2 | Машински или рачен ископ на земја 3 кат. за ров со димензии 40/ 70 цм, како и стопи за столбови 70/70/70цм заедно со затрупување со потребно набивање | $m^3$ | 34 | 1.447,37 | 49.210,60 |
| 3 | Набавка и полагање на Fe Zn лента 25/4мм за заземјување со потребно спојување на секој столб и поврзување на најблискиот постоечки столб. | m | 120 | 155,81 | 18.696,91 |
| 4 | Набавка и вградување на кабел ППО0 4x16мм2 поврзан со сите парковски столбови и со најблискиот постоечки столб на уличното осветлување. | m | 120 | 205,01 | 24.601,20 |
| | | | | **ВКУПНО :** | 230.931,46 |

| ВКУПЕН РЕКАПИТУЛАР без ДДВ: | |
|---|---|
| I. ПРЕДМЕР за осветлување Локација Драчевик | 150.071,44 |
| II. ПРЕДМЕР за осветлување Локација с.Грдовци | 66.402,10 |
| III. ПРЕДМЕР за осветлување Локација 1-ви Мај | 230.931,46 |
| ВКУПНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ | 447.405,00 |

*Носител на набавката,*
*ЌАНУ-КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје*
*Управител,*

*( Ќамуран Фејзуловски )*

*Договорниот орган,*
*Општина Кочани*
*Градоначалник,*

*( Николчо Илијев )*

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Контролирал: Помошник раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште– Влатко Димитров*